## Извадок на дел од дневни настани 09.02.2023

На 08.02.2023 во 16.15 часот, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода С.Т.(36) од Охрид. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол „Sigsauer" калибар 9 милиметри со рамка од осум куршуми, 454 куршуми за пиштол од различен калибар, ловечка пушка „Simson Suhl", 21 куршум за ловечка пушка и една рачна граната. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.02.2023 во 20.15 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Б.(42) од Скопје. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Кисела Вода, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени метадон и таблети. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.02.2023 околу 18.00 часот на улица „180" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 59-годишниот тетовец Н.Е. за издржување на двегодишна затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Идризово во Скопје за издржување на казната.

На 09.02.2023 во 03.50 часот на улица „Скопска" во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода М.Р.(28) од Република Албанија. Тој бил затекнат при излегување од куќа каде што претходно извршил тешка кражба, при што одзел пари и разни предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.02.2023 во 15.45 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.С.(30) од Велес. Тој се сомничи дека од деловен објект на ул.„Партизански одреди" во Велес одзел повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.02.2023, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода Б.О.(38) од Кавадарци. Тој се сомничи дека во периодот од 04. до 08.02.2023, во круг на поранешна фабрика на ул.„Брушанска Таска" во Кавадарци, одзел повеќе предмети. Б.О. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.02.2023 во 17.15 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го привеле Т.Д.(27) од Кавадарци. Тој бил баран по потерница врз основа на наредба од Казнено – поправната установа Затвор Гевгелија поради бегство од затворот. Лицето било спроведено во установата за доиздржување на казната.

На 08.02.2023 во 22.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.В.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.02.2023 во 20.15 часот магистралниот пат Кичево-Македонски Брод, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода М.Ј.(33) од кичевското село Лешница, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветен поднесок.

На 08.02.2023 во 15.25 часот на Граничен премин Ќафасан, полициски службеници го лишиле од слобода М.Ф.(29) од Република Албанија. При извршена контрола било констатирано дека тој бил баран по меѓународна потерница од Интерпол – Визбаден, Германија. Тој бил задржан во Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (08.02.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 202 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 134 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 68 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (08.02.2023), во периодот од 08.00 до 12.00 часот, Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 197 пешаци од кои, 175 за небезбедно преминување на улица надвор од пешачки премин... За време на контролата регистрирани се и 49 останати прекршоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (08.02.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 130 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 11 санкции, 16 мерки за прекршоци што ги прават пешаците, четири санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, две санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 08.02.2023 во 08.30 часот во Полициската станица Центар, Б.Т.К.(41) од Скопје пријавила дека на кеј „Димитар Влахов" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 08.02.2023 во 16.05 часот, М.П.С.(27) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улица „Магистрален пат" во Кичево била касната од куче скитник.

Денеска (09.02.2023) во периодот од 06.00 до 10.00 часот на територијата на Република Северна Македонија спроведена е акциска контрола на возила што вршат јавен превоз на ученици. При контролата констатирани се 42 сообраќајни прекршоци. Упатени на вонреден технички преглед биле 20 возила.
Сообраќајните контроли за зголемување на безбедноста на учениците од дома до училиште и од училиште кон дома продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до сите да ги почитуваме сообраќајните правила и прописи и на тој начин сите заеднички да придонесеме да се зголеми безбедноста на децата и на сите нас.

Денеска (09.02.2023) во 08.30 часот, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола, врз основа на наредба од Основен суд Битола, го лишиле од слобода Х.М.(23) од Битола. Тој се барал за издржување затворска казна и бил спроведен во Казнено - поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Е.А.(53) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 31.01.2023 на Граничен премин Табановце, пријавениот бил затекнат како врши јавен превоз на патници во патничко возило – комбе, без да поседува лиценца за јавен превоз издадена од надлежен орган.

На 08.02.2023 во 12.05 часот во Полициската станица Пробиштип било пријавено дека во Итна медицинска помош Пробиштип со тешки телесни повреди бил донесен Д.А.(56) од с.Трипатанци, пробиштипско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување на работни задачи во рудник во с.Добрево, пробиштипско. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 08.02.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 23 прекршоци, сите во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 15 други видови на прекршоци од кои 4 за управување на возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 2 за нерегистрирано возило, 4 за некористење сигурносен појас и 4 за непрописно паркирање.

На 08.02.2023, во периодот од 08.00 до 12.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово на тетовско-гостиварското подрачје спровеле акциска контрола за санкционирање на прекршоците што ги прават пешаци. При контролата, биле откриени и санкционирани вкупно 29 прекршоци (ТЕ-14 и ГВ-15). Најголемиот број од прекршоците се однесувале на преминување на улиците надвор од обележани премини. На сите прекршители изготвени им се адекватни поднесоци и покани за присуство на т.н. сообраќајна поука, а санкциониран бил и 1 (ТЕ) друг вид сообраќаен прекршок.

На 08.02.2023, во периодот од 08.00 до 12.00 часот, при извршени сообраќајни контроли
полициските службеници затекнале и санкционирале пешаци кои извршиле небезбедно преминување на коловоз надвор од обележан пешачки премин (Охрид-07, Струга-10, Дебар-02).

На 08.02.2023 во 17.40 часот во СВР Скопје, П.Б.(75) од Скопје пријавил дека околу 16.45 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.022023 во 11.00 часот во Полициска станица Гази Баба, Н.Ј.(51) пријавил дека на 07.02.2023 околу 11.00 часот неговиот малолетен внук бил физички нападнат од страна на учител во основно училиште на подрачјето на Гази Баба. Во врска со случајот, на 08.02.2023 во 22.40 часот од ГОБ „Св.Наум Охридски" е пријавено дека кај нив е донесен повреден малолетник кој бил физички нападнат од учителот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.02.2023 во 10.30 часот во СВР Скопје, Ѓ.Ј.(77) од Скопје пријавил дека околу 09.30 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од И.А. и С.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.С.(58) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 16.12.2022 во угостителски објект на улица „Дервиш Цара" во Тетово, пријавениот, поради нерасчистени имотно-правни односи, со пиштол упатил закани кон сопственикот на објектот и присутните гости.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет